Младинска организација
Еден за сите, сите за еден
БР. 25/26-02
05.11 2026 год.
с. Градец, Виница

МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА
„ЕДЕН ЗА СИТЕ, СИТЕ ЗА ЕДЕН“
с. Градец, Општина Виница

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

2027

Програмски активности, стратешки цели и финансиска конструкција

Градец, 2026 година

1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО

Официјален назив: Младинска организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец

Скратен назив: МО „Еден за сите, сите за еден“ – с. Градец, Виница

Седиште: Село Градец, Општина Виница, Република Северна Македонија

Датум на основање како неформална организација: 24.01.2024 година

Датум на формално регистрирање како здружение: 27.03.2026 година

Претседател: Никола Спировски

Подрачје на дејствување: Територијата на Република Северна Македонија, со посебен акцент на Општина Виница.

1.1. Основање и развој

Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец е основана на 24 јануари 2024 година како неформална младинска организација, со цел поттикнување на младинскиот активизам, волонтерството и организирањето активности од општествен интерес во локалната заедница.

По двегодишно активно дејствување и реализирање бројни иницијативи и активности, на 27 март 2026 година организацијата го формализира својот правен статус и продолжува да дејствува како регистрирано здружение, во согласност со Законот за здруженија и фондации на Република Северна Македонија.

Со стекнувањето правен статус се создаваат услови за понатамошен организациски развој, проширување на програмските активности, воспоставување институционални партнерства и обезбедување финансиска поддршка за реализација на целите на здружението.

2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

2.1. Основна цел

Согласно Статутот, основна цел на здружението е поттикнување на младинскиот активизам, културни, едукативни, хуманитарни и еколошки активности, како и организирање семинари, работилници, кампови, културни настани, хуманитарни акции, еко-проекти и други активности насочени кон развојот на локалната заедница.

2.2. Посебни цели и задачи

Согласно член 10 од Статутот, здружението своите цели и задачи ги остварува преку:

Организирање културни, едукативни, хуманитарни и еколошки настани.

Спроведување проекти од локално и национално значење, вклучувајќи еко и волонтерски акции.

Организирање семинари, обуки, работилници и други образовни активности.

Поттикнување иницијативи кај младите преку организирање и поддршка на младински активности, културни манифестации и промоција на активностите на здружението.

Вршење и други дејности предвидени со Статутот.

Едукативно-превентивна работа во основни и средни училишта, како и во предучилишни установи.

Соработка со локалните власти, претпријатија, медиуми, здруженија и други организации за развој на младинскиот активизам, хуманитарни и еколошки активности.

Спроведување други активности од интерес за членовите и за развојот и афирмацијата на целите на здружението.

2.3. Програмска определба за 2027 година

Во текот на 2027 година, здружението ќе ги остварува своите статутарни цели и задачи преку реализација на Годишната програма за работа, организирана во шест програмски сектори: млади, спорт, културни активности, традиционални активности, еколошки активности и поддршка во хуманитарни активности.

СЕКТОР МЛАДИ

Програма на активности за 2027 година

Секторот МЛАДИ при Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец, своите активности ќе ги насочи кон поттикнување на младинскиот активизам, неформалното образование, креативноста, волонтерството и социјализацијата на децата и младите. Програмата предвидува реализација на едукативни обуки, младински дружења, забавни настани, детски креативни работилници и активности од областа на туризмот.

1. Едукативни обуки

Во рамките на едукативната програма се предвидува организирање три еднодневни обуки, наменети за стекнување нови знаења и развивање практични вештини кај младите.

1.1. Обука за основи на првата помош

Целта на обуката е запознавање на младите со основните принципи на првата помош, стекнување практични вештини за правилно реагирање во итни ситуации и подигнување на свеста за значењето на навременото укажување помош. Обуката се планира да се реализира во соработка со стручни лица и волонтери од Црвениот крст.

Финансиска конструкција: 2.000 денари, наменети за едукативни материјали, освежување и организациски потреби.

1.2. Обука за дигитален маркетинг, социјални мрежи, фотографија и видеопродукција

Целта на обуката е развивање дигитални и креативни вештини кај младите, со посебен акцент на користењето на социјалните мрежи, креирањето дигитални содржини, основите на фотографијата и видеопродукцијата. Преку практични активности учесниците ќе се запознаат со современи алатки за дигитална комуникација и промоција.

Финансиска конструкција: 4.000 денари, наменети за ангажирање предавач, материјали и организациски трошоци, со можност за намалување преку партнерска соработка.

1.3. Обука за волонтерство и младински активизам

Целта на обуката е поттикнување на волонтерскиот дух, општествената одговорност и активното учество на младите во развојот на локалната заедница. Посебно внимание ќе биде посветено на значењето на волонтерството, тимската работа и иницирањето активности од општествен интерес.

Финансиска конструкција: 2.000 денари, наменети за работни материјали, освежување и организациски потреби.

Вкупно за едукативни обуки: 8.000 денари.

2. Младински дружења

Во рамките на програмата се предвидува организирање две младински дружења, чија основна цел е поттикнување на меѓусебната комуникација, создавање нови пријателства и квалитетно поминување на слободното време.

2.1. Youth Picnic Day – Младински пикник

Организирање еднодневен младински пикник во природа, со рекреативни активности, друштвени игри и неформално дружење.

Целта е зајакнување на меѓусебната поврзаност, развивање тимски дух и создавање можности за социјализација на младите од Градец и околните населени места.

Финансиска конструкција: 5.000 денари, наменети за храна, безалкохолни пијалаци, реквизити и организациски потреби.

2.2. Youth Game & Quiz Night – Вечер на игри и квиз

Организирање забавна младинска вечер со едукативни квизови, друштвени игри и тимски натпревари.

Целта е поттикнување на креативното размислување, тимската соработка и дружењето преку забавни и интерактивни содржини.

Финансиска конструкција: 3.000 денари, наменети за симболични награди, освежување и организациски материјали.

Вкупно за младински дружења: 8.000 денари.

3. Младински фестивал – GRADEC YOUTH FEST 2027

Во рамките на секторот МЛАДИ се предвидува организирање еднодневен младински фестивал, кој ќе обедини повеќе културно-забавни и рекреативни содржини.

Фестивалската програма ќе опфати кино на отворено, музичка програма со диџеј, младински игри и други забавни активности.

Целта на фестивалот е збогатување на културно-забавниот живот во селото, создавање можности за дружење и поврзување на младите, како и воспоставување препознатлива младинска манифестација која ќе придонесе за промоција на Градец.

Финансиска конструкција:

Планирани трошоци	Износ
Декорација и уредување	3.000 ден.
Промотивни материјали	2.000 ден.
Освежување за организацискиот тим	2.000 ден.
Логистички и организациски трошоци	3.000 ден.
Вкупно	**10.000 ден.**

Озвучувањето, осветлувањето, дицејот, проекторот и платното се планира да бидат обезбедени преку спонзорства и партнерска соработка. Реализацијата на фестивалот ќе зависи од обезбедувањето на потребната техничка поддршка и исполнувањето на условите за јавно прикажување филмски и музички содржини.

4. Детски креативни работилници

Во рамките на детската програма се предвидува организирање две тематски креативни работилници, наменети за поттикнување на креативноста, фантазијата и социјализацијата на децата.

4.1. Велигденска креативна работилница

Работилницата ќе опфати изработка на велигденски украси, декоративни предмети и други креативни активности поврзани со празникот.

Целта е развивање на детската креативност, поттикнување на заедничката работа и запознавање со велигденските традиции и обичаи.

Финансиска конструкција: 3.000 денари, наменети за креативни материјали, украси и организациски потреби.

4.2. Есенска креативна работилница – „Боите на есента“

Работилницата ќе опфати изработка на есенски декорации, цртежи и креативни предмети со користење различни материјали.

Целта е поттикнување на детската фантазија, развивање на креативните способности и создавање можности за дружење и заедничко творење.

Финансиска конструкција: 3.000 денари, наменети за креативни материјали и организациски потреби.

Вкупно за детски креативни работилници: 6.000 денари.

5. Младинска академија за туризам и рурален развој

Во рамките на едукативната програма се предвидува организирање Младинска академија за туризам и рурален развој, во соработка со универзитетски професор од соодветната област.

Академијата ќе опфати две тематски целини:

5.1. Основи на туризмот

Целта е запознавање на младите со основните поими, принципи и карактеристики на туризмот, неговото економско и општествено значење, како и можностите за развој на туристички активности.

5.2. Рурален туризам

Целта е стекнување знаења за руралниот туризам, препознавање на туристичките потенцијали на селските средини и поттикнување на младите да размислуваат за можностите за туристички развој и промоција на Градец и неговата околина.

Финансиска конструкција:

Планирани трошоци	Износ
Едукативни материјали	1.500 ден.
Освежување за учесниците	3.000 ден.
Потврди за учество	500 ден.
Организациски трошоци	1.000 ден.
Вкупно	**6.000 ден.**

Предавачот се планира да биде обезбеден преку партнерска соработка, без дополнителен финансиски надомест за здружението.

6. Збирен финансиски план на сектор МЛАДИ

Програмска активност	Планирани средства
Едукативни обуки	8.000 ден.
Младински дружења	8.000 ден.
Младински фестивал	10.000 ден.
Детски креативни работилници	6.000 ден.
Академија за туризам и рурален развој	6.000 ден.
ВКУПНО	**38.000 ден.**

7. Извори на финансирање

За реализација на предвидените активности, здружението ќе настојува да обезбеди финансиска и материјална поддршка преку спонзорства, донации, соработка со Општина Виница, партнерски организации и сопствени средства.

Планираната финансиска конструкција изнесува **38.000 денари**, при што приоритет ќе биде даден на обезбедување спонзорства и донации, со цел намалување на директните финансиски трошоци на здружението.

Наведените износи претставуваат ориентирни финансиски проценки и можат да претрпат измени во зависност од обезбедената поддршка, условите за реализација и расположливите средства.



СЕКТОР ЕКОЛОГИЈА

Програма на активности за 2027 година

Секторот ЕКОЛОГИЈА при Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец, своите активности ќе ги насочи кон заштита и унапредување на животната средина, одржување на јавните површини, зачувување на природните богатства и подигнување на еколошката свест кај локалното население.

Програмата предвидува реализација на пет поголеми еколошки акции и четири до седум помали еколошки и работни активности, со активно учество на членовите на здружението, волонтерите и заинтересираните граѓани.

Реализацијата на активностите ќе се темели на волонтерска работа, спонзорства, донации и соработка со локалните институции и компании, со цел постигнување значајни резултати со минимални финансиски расходи.

1. Големи еколошки активности

1.1. Акција за пошумување – „Зелен Градец“

Организирање поголема еколошка акција за пошумување на соодветни површини во атарот на село Градец, со засадување садници од дрвни видови приспособени на локалните природни услови.

Цел: Зголемување на зелените површини, придонес кон зачувувањето на природната средина, обновување на шумскиот фонд и поттикнување на волонтерството и еколошката одговорност кај младите и граѓаните.

Финансиска конструкција: Садниците, транспортот, алатите и останатите потребни материјали ќе бидат обезбедени преку спонзорства и донации. Не се предвидуваат директни финансиски расходи за здружението.

1.2. Голема еколошка акција – „За чист Градец“

Организирање сеопфатна еколошка акција за чистење на јавни површини, селски патишта, пристапни делници и други локации на кои е забележано натрупување отпад.

Цел: Подобрување на хигиената во селото, намалување на загадувањето, зачувување на животната средина и развивање одговорен однос кон јавните површини.

Финансиска конструкција: Потребната опрема и потрошните материјали ќе бидат обезбедени преку спонзорства и донации, додека

собирањето и отстранувањето на отпадот ќе се организира во соработка со надлежните комунални служби. Не се предвидуваат директни финансиски расходи за здружението.

1.3. Акција за уредување и обновување на јавните зелени површини

Организирање поголема работна акција за уредување на јавните зелени површини во селото, која ќе опфати чистење, косење, отстранување ниска вегетација и хортикултурно уредување на избрани локации.

Цел: Подобрување на изгледот и функционалноста на јавните простори, создавање пријатна и уредена средина за жителите и посетителите и поттикнување на заедничката грижа за селото.

Финансиска конструкција: Потребната механизација, алати и потрошни материјали ќе бидат обезбедени преку спонзорска поддршка и волонтерски ангажман, без директни финансиски расходи за здружението.

1.4. Еколошка акција за уредување на излетнички и рекреативни локации

Организирање поголема еколошка акција за чистење, обновување и уредување на природни локалитети кои се користат за излети, прошетки и рекреација. Активноста може да опфати одржување на постојните клупи, чистење на околината и уредување на пристапните површини.

Цел: Зачувување на природните локалитети, поттикнување одговорно однесување кон природата и создавање подобри услови за рекреација и престој на отворено.

Финансиска конструкција: Потребните материјали, алати и механизација ќе бидат обезбедени преку спонзорства и донации, без директни финансиски расходи за здружението.

1.5. Еколошка акција – „Зелена иднина за Градец“

Организирање заедничка еколошка акција која ќе опфати засадување украсни дрвја и зеленило, обновување на постојните насади и уредување на избрани јавни локации.

Цел: Долгорочно унапредување на зелените површини во селото, разубавување на јавниот простор и поттикнување на граѓанската одговорност за зачувување и одржување на животната средина.

Финансиска конструкција: Садниците, алатите и останатите потребни материјали ќе бидат обезбедени преку спонзорства и донации. Не се предвидуваат директни финансиски расходи за здружението.

2. Помали еколошки и работни активности

Во рамките на секторот ЕКОЛОГИЈА се предвидува реализација на четири до седум помали еколошки и работни активности, во зависност од потребите на локалната заедница, расположливите ресурси и иницијативите на членовите и граѓаните.

2.1. Помош при уредување на црковниот двор

Волонтерско учество во чистење, косење, засадување цвеќиња и одржување на зелените површини во дворот на храмот „Св. Пророк Илија" – село Градец, во соработка со црковниот одбор.

Цел: Одржување на уредена и чиста околина на верскиот објект, подобрување на неговиот изглед и поттикнување на заедничката грижа за простори од значење за локалната заедница.

2.2. Одржување на селските знаменитости

Организирање помали работни акции за чистење и уредување на просторот околу спомениците, чешмите и другите локални знаменитости.

Цел: Зачувување на културното и историското наследство, подобрување на изгледот на локалните знаменитости и поттикнување на одговорноста за нивно одржување.

2.3. Засадување сезонски цвеќиња

Организирање акција за засадување сезонски цвеќиња во централното подрачје на селото и на други соодветни јавни површини.

Цел: Разубавување на селото, збогатување на зелените површини, поттикнување на хортикултурното уредување и создавање пријатна средина за жителите и посетителите.

2.4. Одржување на поставените клупи и урбаната опрема

Организирање помали работни акции за чистење, бојадисување и тековно одржување на клупите и другата урбана опрема поставена на јавните површини.

Цел: Продолжување на употребниот век на постојната опрема, подобрување на нејзината функционалност и обезбедување уредени простори за одмор и рекреација.

2.5. Чистење и уредување на селските патеки

Организирање волонтерски акции за собирање отпад, отстранување ситна вегетација и одржување на пешачките патеки и пристапните површини.

Цел: Подобрување на пристапноста, безбедноста и изгледот на пешачките површини и поттикнување на нивното редовно одржување.

2.6. Одржување на засадените садници

Организирање активности за полевање, чистење на просторот околу садниците и следење на нивниот раст и развој.

Цел: Обезбедување подобри услови за опстанок и развој на претходно засадените дрвја и зеленило и зачувување на резултатите од реализираните акции за пошумување.

2.7. Мали еколошки акции по иницијатива на граѓаните

Реализација на помали еколошки и работни акции на локации утврдени според потребите и предлозите на локалното население.

Цел: Поттикнување на граѓанското учество, зајакнување на соработката меѓу здружението и локалната заедница и навремено решавање помали еколошки и комунални проблеми преку волонтерска работа.

Финансиска конструкција за помалите активности: Потребните алати, механизација и потрошни материјали ќе бидат обезбедени преку спонзорства, донации и волонтерски ангажман. Единствениот планиран директен финансиски расход се однесува на набавка на сезонски цвеќиња, за што се предвидени средства во износ до 3.000 денари.

3. Збирен финансиски план на сектор ЕКОЛОГИЈА

Реализацијата на предвидените пет големи еколошки акции и четири до седум помали еколошки и работни активности ќе се спроведува првенствено со поддршка од спонзори, донатори и партнерски институции, како и преку доброволен ангажман на членовите и волонтерите на здружението.

Потребните садници за пошумување, алати, механизација, транспорт, заштитна опрема и останати материјално-технички средства се обезбедуваат преку спонзорства и донации, без директно финансиско оптоварување на здружението.

Единствениот предвиден директен финансиски расход се однесува на набавка на сезонски цвеќиња за хортикултурно уредување и разубавување на јавните површини во село Градец.

Програмска активност	Планирани средства
Пет големи еколошки акции	0 ден.
Помали еколошки и работни активности	0 ден.
Набавка на сезонски цвеќиња	3.000 ден.
ВКУПНО	**3.000 ден.**

4. Извори на финансирање

Активностите на секторот ЕКОЛОГИЈА ќе се реализираат првенствено преку спонзорства, донации во материјални средства и волонтерска работа.

Здружението ќе продолжи да ја развива соработката со локалните компании, институциите и граѓаните кои придонесуваат кон реализација на еколошките иницијативи.

Посебен акцент ќе биде ставен на рационалното користење на расположливите ресурси, одржувањето на веќе уредените површини и обезбедувањето долгорочни резултати од спроведените активности.

Вкупната планирана финансиска конструкција од сопствени средства за секторот ЕКОЛОГИЈА за 2027 година изнесува 3.000 денари.

Вредноста на обезбедените спонзорства и донации во материјални средства не е вклучена во наведениот износ.



СЕКТОР СПОРТ

Програма на активности за 2027 година

Секторот СПОРТ при Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец, своите активности ќе ги насочи кон поттикнување на спортскиот дух, промовирање на здрави животни навики, развивање на тимската работа и меѓусебната соработка, како и создавање можности за спортско-рекреативно дружење на младите и останатите граѓани.

Во рамките на Годишната програма за работа за 2027 година, како главна и единствена планирана активност во секторот СПОРТ е предвидено организирање на традиционалниот Илинденски турнир во фудбал, чија реализација е условена од обезбедувањето на потребните финансиски средства.

1. Илинденски турнир во фудбал – Градец 2027

Илинденскиот турнир во фудбал претставува спортска манифестација која се организира во село Градец, со цел поттикнување на спортските активности, зајакнување на меѓусебната соработка и создавање можности за дружење и натпреварување меѓу учесниците.

Преку организирањето на турнирот, здружението настојува да придонесе кон збогатување на спортскиот живот во локалната заедница, промоција на спортот и афирмација на селото како место во кое се негуваат спортските и традиционалните вредности.

Цели на активноста:

Поттикнување на спортскиот дух и промовирање на здрави животни навики.

Создавање можности за спортско натпреварување и рекреација.

Развивање на тимската работа, меѓусебната почит и фер-плеј однесувањето.

Поттикнување на дружењето и соработката меѓу младите и граѓаните.

Зачувување на традицијата на организирање спортски активности по повод празникот Илинден.

Промоција и афирмација на село Градец преку организирање спортски манифестации.

2. Финансиска конструкција

За реализација на Илинденскиот турнир во фудбал за 2027 година, Младинската организација „Еден за сите, сите за еден" – село Градец има доставено посебно барање до Општина Виница за обезбедување финансиска поддршка во износ од **30.000 денари**, наменети за формирање на наградниот фонд на турнирот.

Наведените средства се од суштинско значење за организацијата и реализацијата на предвидената спортска манифестација.

Планирана активност	Потребни средства
Илинденски турнир во фудбал – награден фонд	30.000 ден.
ВКУПНО	**30.000 ден.**

3. Извори на финансирање

Како примарен извор на финансирање за реализација на Илинденскиот турнир во фудбал е предвидена финансиската поддршка од Општина Виница, за која е доставено посебно барање во износ од 30.000 денари.

Организацијата ќе настојува да обезбеди и дополнителна поддршка преку спонзорства, донации и соработка со локални компании и други заинтересирани субјекти, доколку за тоа се појави потреба.

4. Услови за реализација на активноста

Реализацијата на Илинденскиот турнир во фудбал за 2027 година е директно условена од обезбедувањето на потребната финансиска поддршка за наградниот фонд.

Доколку Општина Виница не го одобри доставеното барање за финансиска поддршка во износ од 30.000 денари, а здружението не успее да обезбеди соодветни алтернативни извори на финансирање, реализацијата на турнирот ќе биде доведена во прашање.

Во таков случај, надлежните органи на здружението ќе ја разгледаат финансиската состојба и расположливите можности, по што ќе донесат одлука за евентуално одложување, измена на организацискиот концепт или откажување на предвидената активност.

Вклучувањето на турнирот во Годишната програма за работа за 2027 година претставува програмска определба на здружението, но не и безусловна обврска за негова реализација без претходно обезбедени финансиски средства.

5. Збирен финансиски план на сектор СПОРТ

Програмска активност	Планирани средства
Илинденски турнир во фудбал	30.000 ден.
ВКУПНО	**30.000 ден.**

Вкупната планирана финансиска конструкција за секторот СПОРТ за 2027 година изнесува **30.000 денари**, кои се предвидени да бидат обезбедени преку финансиска поддршка од Општина Виница.

Наведениот износ претставува побарана, а не одобрена финансиска поддршка. Средствата не се сметаат за обезбедени сè до добивањето официјална потврда за нивно одобрување.

Здружението го задржува правото да ја приспособи или да не ја реализира предвидената активност доколку не бидат исполнети потребните финансиски и организациски услови.



СЕКТОР ТРАДИЦИЈА

Програма на активности за 2027 година

Секторот ТРАДИЦИЈА ќе биде насочен кон зачувување и негување на традиционалните обичаи, организирање празнични манифестации и заштита на културно-историското наследство на село Градец.

1. Традиционална новогодишна лотарија

Организирање новогодишна лотарија со награди обезбедени преку спонзорства и донации.

Цел: Продолжување на традицијата, поттикнување на заедништвото и обезбедување поддршка за активностите на здружението.

Финансиска конструкција: 8.000 денари за печатење талони. Реализацијата ќе биде усогласена со важечките законски услови.

2. Традиционален Коледарски каравaн

Организирање празнично дефиле низ селото со декорирана кочија со магаре, во духот на коледарските обичаи.

Цел: Зачувување на коледарската традиција и пренесување на обичаите на помладите генерации.

Финансиска конструкција: 0 денари – волонтерска и донаторска поддршка.

3. Традиционален Бадников оган

Организирање празнично дружење на жителите по повод Бадник, со почитување на традиционалните обичаи.

Цел: Негување на традицијата, зајакнување на заедништвото и меѓугенерациското поврзување.

Финансиска конструкција: 3.000–5.000 денари за организациски потреби и послужување.

4. Новогодишен базар и подароци за најмалите

Организирање новогодишен базар со музичка програма, дицеј и доделување подароци за околу 80 деца.

Цел: Создавање празнична атмосфера, детска радост и поттикнување на заедништвото.

Финансиска конструкција: 10.000 денари за подароци, дицеј и организациски потреби, со дополнителна спонзорска поддршка.

5. Обновување на запуштени селски знаменитости

Организирање иницијативи за обновување и уредување на запуштени знаменитости од историско и традиционално значење.

Цел: Зачувување на локалното наследство и подобрување на изгледот и препознатливоста на Градец.

Финансиска конструкција: 0 денари – планирана реализација преку спонзорства, донации и волонтерски ангажман, со потребните согласности.

6. Збирен финансиски план

Активност	Планирани средства
Новогодишна лотарија	8.000 ден.
Коледарски караван	0 ден.
Бадников оган	3.000–5.000 ден.
Новогодишен базар и подароци	10.000 ден.
Обновување на знаменитости	0 ден.
ВКУПНО	**21.000–23.000 ден.**

7. Извори на финансирање

Активностите ќе се реализираат преку сопствени средства, спонзорства, донации и волонтерски ангажман.

Максималниот планиран буџет за секторот ТРАДИЦИЈА изнесува 23.000 денари, без пресметана вредност на материјалните донации и спонзорства.



СЕКТОР ПОДДРШКА ПРИ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ

Програма на активности за 2027 година

Секторот ПОДДРШКА ПРИ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ ќе биде насочен кон поттикнување на хуманоста, солидарноста и меѓусебната помош преку волонтерско учество во хуманитарни иницијативи и обезбедување материјална поддршка за лица и семејства на кои им е потребна помош.

1. Волонтерска поддршка при хуманитарни акции

Здружението ќе се вклучува во организирање и спроведување акции за собирање финансиски средства за наши соселани и граѓани на Општина Виница, доколку таква поддршка биде побарана од здружението.

Цел: Поттикнување на хуманоста, солидарноста и волонтерството, како и обезбедување поддршка на лица кои се соочуваат со тешки животни околности.

Финансиска конструкција: 0 денари – активностите ќе се реализираат преку доброволен ангажман на членовите и волонтерите.

2. Материјална поддршка за социјално загрозени семејства

Здружението ќе обезбедува повремена финансиска поддршка преку директно плаќање фактури за набавка на градежни и други потребни материјали, наменети за подобрување на условите за живеење на семејства од село Градец. Поддршката може да опфати набавка на материјали за реновирање и санација на станбени објекти.

Цел: Подобрување на животните услови на семејствата на кои им е потребна помош и поттикнување на солидарноста во локалната заедница.

Финансиска конструкција: Средствата ќе се обезбедуваат од расположливиот буџет на здружението, во согласност со утврдените потреби и финансиските можности.

3. Материјална поддршка за храмот „Св. Пророк Илија“ – село Градец

Здружението планира да обезбеди материјална поддршка за храмот „Св. Пророк Илија“ – село Градец, преку набавка на опрема, инвентар или други потребни предмети, во договор со црковниот одбор.

Цел: Поддршка на локалната верска заедница, подобрување на условите во храмот и придонес кон зачувувањето на објект од особено значење за жителите на селото.

Финансиска конструкција: Набавката ќе се реализира во рамките на расположливите средства на здружението, согласно потребите утврдени во соработка со црковниот одбор.

4. Збирен финансиски план

Програмска активност	Планирани средства
Волонтерска поддршка при хуманитарни акции	0 ден.
Материјална поддршка за семејства и подобрување на условите за живеење	Според потребите
Набавка на опрема и инвентар за храмот „Св. Пророк Илија“	Според потребите
ВКУПЕН ПЛАНИРАН БУЏЕТ	**15.000 ден.**

Средствата во износ од 15.000 денари претставуваат заеднички буџет за материјалната поддршка на семејствата и набавките за храмот. Нивната распределба ќе се утврдува според потребите, приоритетите и расположливите финансиски средства.

5. Извори на финансирање

Активностите ќе се реализираат преку сопствени средства на здружението, донации, спонзорства и волонтерски ангажман.

Вкупната планирана финансиска конструкција за секторот ПОДДРШКА ПРИ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ за 2027 година изнесува 15.000 денари.



СЕКТОР КУЛТУРА

Програма на активности за 2027 година

Секторот КУЛТУРА при Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец, ќе биде насочен кон збогатување на културно-забавниот живот, промоција на македонската музика и зачувување на традицијата на организирање културни манифестации во локалната заедница.

1. Илинденска културно-забавна манифестација – Градец 2027

Во рамките на Годишната програма за работа за 2027 година се планира организирање дводневна културно-забавна манифестација по повод националниот празник Илинден, на 1 и 2 август 2027 година.

Настанот претставува една од најзначајните и финансиски најобемните активности на здружението, со цел збогатување на културниот живот и привлекување посетители од Градец, Општина Виница и поширокиот регион.

1.1. Прв ден – 01.08.2027 година (недела)

Првиот ден од манифестацијата е предвиден за музичка програма со изведувач на македонска музика. Изборот на изведувачот е во тек, а за неговиот ангажман се планирани средства во износ од **30.750 денари (500 евра)**.

1.2. Втор ден – 02.08.2027 година (понеделник)

Главниот дел од манифестацијата ќе се одржи на 2 август 2027 година, со настап на македонскиот естраден уметник **Никола Станишиќ**, музичка програма со диџеј и настап на оркестар за македонска народна музика.

За настапот на Никола Станишиќ се предвидени 61.500 денари (1.000 евра), за диџејот 6.150 денари (100 евра), додека оркестарот ќе настапи без побаран финансиски надомест.

За техничка реализација на манифестацијата, вклучувајќи озвучување, осветлување и останата сценска опрема, се предвидени средства во износ од **123.000 денари (2.000 евра)**.

2. Цели на активноста

Збогатување на културно-забавниот живот во село Градец.

Промоција на македонската музика и домашните музички изведувачи.

Зачувување на традицијата на организирање Илинденски манифестации.

Привлекување посетители и промоција на селото на регионално ниво.

Поттикнување на заедништвото и соработката меѓу граѓаните, институциите и деловниот сектор.

3. Финансиска конструкција

Планирани трошоци	Износ
Музички изведувач – 01.08.2027	30.750 ден.
Никола Станишиќ – 02.08.2027	61.500 ден.
Диџеј – 02.08.2027	6.150 ден.
Оркестар за македонска народна музика	0 ден.
Техничка опрема и сценска реализација	123.000 ден.
ВКУПНО	**221.400 ден.**

Наведените износи се ориентирни и се пресметани според курс од 61,5 денари за едно евро. Конечните трошоци ќе зависат од договорените услови со изведувачите и давателите на услуги.

4. Извори на финансирање

Со оглед на големиот обем и значајните финансиски потреби за реализација на Илинденската манифестација, здружението планира да обезбеди средства преку повеќе извори на финансирање:

Сопствени финансиски средства на здружението.

Одобрени средства од Општина Виница во рамките на Годишната програма за финансиска поддршка.

Доброволни донации од физички лица.

Спонзорства и финансиска поддршка од компании и други правни лица.

Реализацијата на манифестацијата ќе се темели на комбинирано финансирање, со цел обезбедување на потребните средства и намалување на директното финансиско оптоварување на здружението.

5. Збирен финансиски план на сектор КУЛТУРА

Програмска активност	Планирани средства
Илинденска манифестација – 01.08.2027	30.750 ден.
Илинденска манифестација – 02.08.2027 (музичка програма)	67.650 ден.
Техничка опрема и сценска реализација	123.000 ден.
ВКУПНО	**221.400 ден.**

Вкупната планирана финансиска конструкција за секторот КУЛТУРА за 2027 година изнесува 221.400 денари, односно 3.600 евра.

Наведениот буџет ги опфаќа планираните музички настапи и техничката реализација на дводневната манифестација. Евентуалните дополнителни организациски трошоци ќе бидат утврдени во текот на подготовките, во зависност од обезбедените средства и спонзорската поддршка.



ЗБИРЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2027 ГОДИНА

Годишниот финансиски план на Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец, претставува преглед на планираните финансиски средства потребни за реализација на програмските активности, редовното функционирање на здружението и покривање на административните и непредвидените расходи во текот на 2027 година.

Финансиската конструкција е изработена врз основа на планираните активности во шесте програмски сектори, со посебен акцент на рационално користење на средствата, обезбедување спонзорства и донации и одржување на финансиската стабилност на здружението.

1. Финансиски план по програмски сектори

Програмски сектор	Планирани средства
Сектор МЛАДИ	38.000 ден.
Сектор ЕКОЛОГИЈА	3.000 ден.
Сектор СПОРТ	30.000 ден.
Сектор ТРАДИЦИЈА	23.000 ден.
Сектор ПОДДРШКА ПРИ ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ	15.000 ден.
Сектор КУЛТУРА	221.400 ден.
ВКУПНО ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ	**330.400 ден.**

2. Административни, технички и непредвидени расходи

Покрај средствата предвидени за програмските активности, здружението планира и дополнителни расходи за редовно административно и техничко функционирање.

Вид на расход	Планирани средства
Одржување и сервисирање на техничка опрема	5.000 ден.
Сметководствени услуги – годишно	3.000 ден.
Непредвидени расходи и дополнителни плаќања	10.000 ден.
Банкарски трошоци и одржување на трансакциска сметка – годишно	3.000 ден.
ВКУПНО ДОПОЛНИТЕЛНИ РАСХОДИ	**21.000 ден.**

3. Вкупна финансиска конструкција

Категорија	Планирани средства
Програмски активности – шест сектори	330.400 ден.
Административни и технички расходи	11.000 ден.
Непредвидени расходи и дополнителни плаќања	10.000 ден.
ВКУПЕН ГОДИШЕН БУЏЕТ	**351.400 ден.**

4. Извори на финансирање

За реализација на Годишната програма за работа за 2027 година, здружението планира да обезбедува финансиски средства преку следните извори:

Сопствени финансиски средства на здружението.

Финансиска поддршка од Општина Виница, во согласност со одобрените барања и програми за финансирање.

Спонзорства од компании и други правни лица.

Доброволни донации од физички лица.

Други законски дозволени извори на финансирање.



Завршни одредби

Годишната програма за работа за 2027 година на Младинската организација „Еден за сите, сите за еден“ – село Градец е изработена во согласност со целите и задачите утврдени во Статутот на здружението.

Програмата ги опфаќа планираните активности и финансиската конструкција за 2027 година, а нејзината реализација ќе зависи од расположливите финансиски средства, спонзорствата, донациите и институционалната поддршка.

Измените и дополнувањата на програмата ќе се вршат во согласност со Статутот и одлуките на надлежните органи на здружението.

Годишната програма за работа за 2027 година е усвоена од Собранието на здружението, на седница одржана на 05.11.2026 година.

Датум: 05.11.2026

Место: с. Градец, Општина Виница

МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА „ЕДЕН ЗА СИТЕ, СИТЕ ЗА ЕДЕН“ – СЕЛО ГРАДЕЦ

Претседател

Никола Спировски